Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина („Сл.весник на РМ “ бр.53/05,81/05,24/07,159/08,48/10,124/10,51/11,123/12,93/13,42/14,44/15,129/15, 39/16 и 99/18),Општина Охрид, на ден година, 18.08.2021 донесе

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички план вон населено место Горица Исток-опфат 1, Општина Охрид, кој го донесува Општина Охрид е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина .
2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ Урбанистички план вон населено место Горица Север, Општина Охрид,
   се определуваат следните: Министерство за животната средина и просторно планирање, НП Галичица и Општина Охрид
3. За планскиот документ Урбанистички план вон населено место Горица Исток-опфат 1, Општина Охрид, кој плански документ го донесува Советот на Општина Охрид, донесувањето на овој плански документ ќе има влијание врз животната средина
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти:Влијанието на развојните решенија во поглед на осетливите елементи на животната средина на планираниот опфат(вода, почва, управување со отпад, природното и културно/археолошко наследство и пејсаж).
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Охрид на следната веб адреса/и:www.ohrid.gov.mk
6. Против ова одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната .

Бр. Име и презиме

. Градоначалник

Место Д-р. Константин Георгиески

Охрид

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Урбанистички план вон населено место(УПВНМ) Горица Исток-опфат1, Општина Охрид |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Охрид |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Охрид |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Бранко Арнаудоски |
| Назив на работното место | Пом Раководител на Сектор за урбанизам и заштита на животна средина |
| Контакт податоци за лицето | Тел. 046/262-492; 070/348-348 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Планската програма е изработена согласно Член 44 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20) и согласно член 21 (став 2 Урбанистички планови, 2.8 Планска програма) и член 44 (став 2.16.2 Урбанистички план вон населено место, 2.16.2 Плански опфат) од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20), Планот за управување со светското културно и природно наследство донесен со одлука на Влада на 21.01.2020г. (Службен весник бр. 45/20 од 18.02.2020г), а се однесува за изработка на **Урбанистички план вон населено место Горица Исток – опфат 1, Општина Охрид**. Планската програма ја изработува овластено правно лице, согласно одредбите од Член 70, пропишани во Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20).<br>Во согласност со законските одредби, БИЛД УРБАН д.о.о.е.л. Скопје пристапи кон изработка на **Планска програма за изработка на Урбанистички план вон населено место Горица Исток – опфат 1, Општина Охрид**.<br>Планската програма е изработена врз база на прифатената иницијатива од страна на комисијата за урбанизам на општина Охрид со број 19-1488/1 од 07.02.2020 и врз база на Договорот за изработка на Урбанистички план вон населено место за Горица исток - опфат 1, Општина Охрид за потребите на Општина Охрид со број 09-5971/2 од 15.07.2020г.<br>Планската програма е документ со кој донесувачот на планот ги дефинира програмските цели, границата на планскиот опфат и природата на зафатите во просторот врз основа на кој се изработува урбанистичкиот план.<br>За дел од предметниот плански опфат постои важечки урбанистички план – Измена и дополнувања на Урбанистички план вон населено место за дел од крајбрежен простор, туристички локалитет Горица – Св.Стефан – Метропол, за дел од туристича населба „Горица– Исток“, општина Охрид, 2007-2017, донесен со Одлука на Совет бр.07-344/17 од 28.02.2008 год., со вкупна површина од 16047м2, истиот е донсесен врз основа на Генерален урбанистички план за дел од крајбрежен простор, туристички локалитет - Горица – Св.Стефан – Метропол, 2000-2010г, општина Охрид, донесен со Одлука на Совет број 07-291/4 од 03.04.2001г, кој е вон сила согласно член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весним на РМ бр.163/13).<br>*Урбанистичките планови, документации и општи акти кои не се усогласиле во утврдените рокови согласно членот 70 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.51/2005) и ченот 46 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.137/2007), не се применуваат и просторот опфатен со истите се смета за простор вон плански опфат.*<br>При изработка на Измени и дополнувања на Урбанистички план вон населено место за дел од крајбрежен простор, туристички локалитет Горица – Св.Стефан – Метропол, за дел од туристича населба „Горица– Исток“, општина Охрид, 2007-2017, донесен со Одлука на Совет бр.07-344/17 од 28.02.2008 год. и Генерален урбанистички план за дел од крајбрежен простор, туристички локалитет - Горица – Св.Стефан – Метропол, 2000-2010г, општина Охрид, донесен со Одлука на Совет број 07-291/4 од 03.04.2001г., нема изработено Услови за планирање на просторот од страна на Агенцијата за планирање на просторот и за кои од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање се издава Решение за Услови за планирање на просторот, па поради тоа барањето за Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место Горица Исток – опфат 1, Општина Охрид, се однесува на целиот плански опфат предвиден со Планската програма, согласно Член 42 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20).<br>Планскиот опфат на Урбанистички план вон населено место Горица Исток – опфат 1, Општина Охрид, опфаќа простор за кој за дел има изработена претходна урбанистичка документација:<br>- Измена и дополнувања на Урбанистички план вон населено место за дел од крајбрежен простор, туристички локалитет Горица – Св.Стефан – Метропол, за дел од туристича населба „Горица– Исток“, општина Охрид, 2007-2017, донесен со Одлука на Совет бр.07-344/17 од 28.02.2008 год., со вкупна површина од 16047м$^2$. |

Важечкиот Урбанистички план вон населено место е донесен врз основа на:

- Генерален урбанистички план за дел од крајбрежен простор, туристички локалитет - Горица – Св.Стефан – Метропол, 2000-2010г, општина Охрид, донесен со Одлука на Совет број 07-291/4 од 03.04.2001г, кој план е вон сила согласно член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ број 163/13).

И за двата цитирани урбанистички планови во постапката за донесување не се изработени услови за планирање на просторот и од тие причини барањето за Услови за планирање на просторот се однесува на целосниот опфат предвиден со Планската програма, согласно член 42 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/2020).

Иако постои важечка планска документација за предметниот плански опфат, истиот воопшто нема реализација во просторот во поглед на изградена улична мрежа, нема совпаѓање на сопственостите на градежни парцели со катастарските парцели и нема реализација на планираните инфраструктурни водови.

**Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?**

Да ☐
Не ☐

**Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?**

/

**Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.**

/

**Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка:13 | Алинеја: / |

**Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор**

/

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**

Не

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

Искористувањето на конфигурацијата на теренот и другите природни фактори и вклопувањето на предвидените објекти во тој амбиент дава можност за добар просторен развој на локалитетот.

Анализата покажува дека локалитетот не е изграден, односно нема реализација од претходни важечки плански документации. За планирање на просторната организација потребни се критериуми кои планот ќе го дефинираат како развоен документ кој ќе го валоризира и заштити соседското право и јавниот интерес.

Анализата на можностите за просторен развој го издвојува следното:

- Добра сообраќајна поврзаност;
- Можност за поврзување на инфраструктурните водови за снабдување со електроенергија, телекомуникации;
- Можност за поврзување на системот за водоснабдување;
- Можност за изнесување на отпадните води од локалитетот;
- Исклучителен атрактивен простор за развој на викенд населба;
- Добри микроклиматски услови.

Просторот кој е предмет на разработка претставува неизградено земјиште и со цел да се

| |
|---|
| одговори напотребите на сопствениците, односно крајните корисници земјиштето потребно е:<br><br>- Дефинирање на сообраќајната мрежа согласно важечките стандарди и нормативи;<br>- Условување на сообраќајната инфраструктура за безбеден пристап до секоја градежна парцела;<br>- Рационална парцелација на земјиштето на градежни парцели согласно сопственоста на катастарските парцели;<br>- Дефинирање на висината на објектите со право и заштита на визурите од секој објект (минимално поглед-визура од едно ниво);<br>- Задоволување на современите норми за градење и работа во рамките на важечките норми за урбанистичко планирање;<br>- Условување на пешачкото движење во функција на лицата со инвалидност, без бариери;<br>- Условување на потребите за паркирање да се решаваат во сопствените парцели;<br>- Поврзување на секој објект на инфраструктурната мрежа за телекомуникациски услуги;<br>- Задоволување на потребите од водоснабдување преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;<br>- Адекватно и рационално прифаќање на отпадните води преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;<br>- Заштита на животната средина, културното и историското наследство. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| . |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Просторот дефиниран за изработка на **Урбанистички план вон населено место Горица Исток – опфат 1, Општина Охрид**, со својата местоположба припаѓа на катастарска општина Охрид 4 на територијата на Општина Охрид и претставува дел од туристичкиот капацитет Горица. Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно **2.50ha**, односно **24997,2196 m²**. Периметарот на планскиот опфат изнесува **836,8662m'**. Границите на планскиот опфат се следните:<br>**Од Исток:** границата започнува од најсеверната точката 1, во јужен правец поминува низ КП 6481/24, КП 6482/1, КП 6039/1, КП 6040/1, КП 6040/3, КП 6041/2, КО Охрид 4, Општина Охрид сè до точка 11, (по оска на планиран профил на улица);<br><br>**Од Југ:** границата започнува од точката 11, во западен правец поминува низ КП 6482/1, продолжува по границите на катастарските парцели КП6113/1, КП 6113/2, КП 6114, низ КП 6481/1, КО Охрид 4, Општина Охрид сè до точка 24;<br><br>**Од запад:** границата започнува од точката 24, во северен паравец поминува низ КП 6481/1, КП 6481/4, КП 6481/25, КП 6481/24, КО Охрид 4, Општина Охрид сè до најсеверна точка 1, (по оска на планиран профил на улица); |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☒<br>Не ☐ |

**Резиме на влијанијата врз животната средина**
**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат**

| | |
|---|---|
| **подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** | |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Со реализација на планскиот документ се предвидува зголемување на степенот на искористување на градежното земјиште.Предметниот опфат во однос на потенцијалните влијанија е сензитивно подрачје бидејќи е во непосредна близина на Охридското Езеро, Студенчишко Блато и дел во опфатот на НП Галичица. Предметната локација се наоѓа во опфатот на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во охридскиот регион.<br>Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:<br>-Расчистување на вегетација, движење на механизацијата, складирање на материјали на несоодветни локации<br>-Градежните активности, движењата на камионите и механизацијата може да предизвикаат повисоки нивоа на бучава<br>-Евентуални пропуштања и истекување на масло од возилата или опремата<br>-Создавање на различен вид отпад(вегетација, комунален отпад, градежен отпад, асфалт) | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата;** | Просторот во рамките на планскиот опфат ќе се планира со следните класи на намена:<br>А – Домување и престој<br>А4 – Времен престој<br>Б – Комерцијални и деловни намени<br>- Б5 – Хотели и хотелски комплекси<br>Д – Зеленило, рекреација и меморијални простори<br>- Д1 – Парковско и пејзажно зеленило<br>- Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило<br>Е – Инфраструктури<br>- Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури со можност за вградување на алтернативност, компатибилност и комплементарност на намените согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20).<br>Со реализацијата на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.<br>Бидејќи предметниот опфат е блиску до магистрален пат Охрид-Св.Наум на кој има голема фреквенција на возила особено во летниот период бучавата од возилата е фактор кој ќе има негативно влијание врз врз животната средина на овој плански опфат. При реализација на содржините во планскиот опфат предвидени со планската документација особено во конструктивната фаза ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механизацијата, отпадни води, отпад, бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на лугето,воздухот, водата, почвата, биолошката разновидност, пределот и сл. Овие влијанија се оценуваат како можни,локални,повратни и неповратни краткорочни влијанија.<br>Во оперативната фаза со планските содржини се очекуваат влијанија кои се поврзани со присуство на зголемен број туристи и возила. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Со реализација на планскиот документ ќе има влијание врз микроклимата. Кумулативната природа на влијанијата може да се разгледува во однос на нарушувањето на природните карактеристики на Охридското Езеро и Охридскиот регион и Националниот парк Галичица кои се заштитени со закон. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема |

<table>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>Нема ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина по однос на несреќи кои би можеле да се случат.</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).</td><td>Површината на Општина Охрид изнесува 378,3км2, а во неа се регистрирани 29 населени места со 53 857 жители. Во ГУП на град Охрид градот е третиран во системот на урбани населби-град со посебни амбиентални, културни, естетски, архитектонски и други вредности. Административно-територијалната поделба на градот извршена е на урбани заедници. Во содржината на урбаните заедници доминира домувањето, но во некои од нив во голема мера присутни се и нестамбени содржини-индустрија, сервиси, хотелиерство, културно-историски споменици и др. Планскиот опфат се наоѓа на источниот брег на Охридското Езеро,распослан по падините на планината Галичица и опфаќа површина од 2,5 ха.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Со планскиот документ ќе се добие позитивен ефект во контекст на економските и социјалните влијанија.Просторот е со исклучителни можности за просторен развој со оглед на погодните амбиентални и климатски карактеристики,инфраструктурната изграденост како и создадената традиција за туристичка понуда .</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Областа со реализација на планскиот документ ќе добие зголемена вредност на околното земјиште. Од друга страна со зголемување на густината на изграденост се менува амбиенталноста на просторот и пејсажните карактеристики.<br>Со предложеното решение се овозможува развој и градење соодветни на намената,видот,густината и начинот на користење на земјиштето и градбите, а согласно со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Најважна карактеристика на овој регион е постоењето на Охридското Езеро и НП Галичица кои изобилуваат со богата флора, фауна и ендемични видови и областа е еколошки чиста. На потегот Рача-Метропол откриени се повеќе археолошки локалитети од различни временски периоди. Во близина на опфатот се наоѓа археолошкото наоѓалиште Гумништа-Населба и некропола од Римско време, а исто така во близина пронајдени се и византиски монети од 12 век. Над локалниот пат Охрид Св. Наум се наоѓа Св. Стефан - пештерска црква од 14 век.На просторот на планираниот опфат не се регистрирани никакви артефакти што значи дека нема заштитно –конзерваторски основи. Доколку при уредување на просторот се наиде на археолошки артефакти, односно до откривање на материјални остатоци со културно историска вредност, потребно е да се постапи согласно член 65 од Законот за заштита на културното наследство, односно веднаш да се запре со отпочнатите активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности</td><td>Нема да има значително влијание врз квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>Земјиштето на кое ќе се реализира планскиот опфат претставува градежно земјиште бидејќи се наоѓа во градежен опфат и нема интензивна употреба.</td></tr>
<tr><td>Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат</td><td>Просторот на предметниот опфат се наоѓа под падините на Галичица и влегува во опфатот на НП Галичица. Во</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td>признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.</td><td>непосредна близина на планскиот опфат се наоѓа Охридското Езеро и Студенчишко блато а целата област е под заштита на УНЕСКО. Со реализацијата на планот се очекуваат следните влијанија врз животната средина:<br>-Биодиверзитет(општа загуба на биодиверзитетот, нарушување на екосистемот)<br>-Почвата<br>-Водата<br>-Пејсажот<br>--Воздухот<br>Најважна карактеристика во овој регион е изобилството со богата флора и фауна и ендемични видови во НП Галичица, Студенчишко блато и Охридското Езеро.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Просторот во рамките на планскиот опфат ќе се планира со следните класи на намена:<br>А – Домување и престој<br>А4 – Времен престој<br>Б – Комерцијални и деловни намени<br>- Б5 – Хотели и хотелски комплекси<br>Д – Зеленило, рекреација и меморијални простори<br>- Д1 – Парковско и пејзажно зеленило<br>- Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило<br>Е – Инфраструктури<br>- Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури<br>со можност за вградување на алтернативност, компатибилност и комплементарност на намените согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20).<br>На основните намени се планираат и компатибилни намени, согласно наведениот правилник.<br>Со урбанистичкиот план се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа. Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нејзина надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Во близина на просторот кој е предмет на планирање се наоѓаат исто така објекти за домување и хотели, како и викенд индивидуални станбени куќи. Во близина на опфатот се наоѓа Студенчишко блато.<br>Теренот на кој се наоѓа планскиот опфат и релјефните форми со кои Галичица под одреден наклон се спушта до магистралниот пат Охрид- Св. Наум му даваат амбиентален и пејзажен белег на целиот простор. Треба да се испита влијанието на планираните градби врз истиот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Урбанистичката документација треба да обезбеди рационално искористување на планираните површини за одредени намени. Неопходно е согледување на реалните капацитети на постојната инфраструктура за обезбедување на потребите на градбите во рамки на</td></tr>
</table>

планскиот опфат.
Имплементацијата на планските содржини предвидени со планот со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе придонесе за зголемен развој на Општина Охрид од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и сл.
Од друга страна, од аспект на животната средина во оперативната фаза на објектите може да генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина , односно:
Воздух: Зголемена фреквенција на возила, работни активности на услужните објекти, употреба на енергенси
Бучава:Зголемено ниво на бучава од превозните средства
Вода:На предметната локација ќе се генерираат санитарни и атмосферски отпадни води. Несоодветното третирање на отпадните води може да го наруши квалитетот на површинските и подземните води, како и квалитетот на почвата. Во границите на планскиот опфат се предвидува изградба на сепарационa канализационa мрежа-фекална и атмосферска. Фекалните отпадни води треба да се третираат во пречистителна станица, а потоа да се испуштаат во постоечкиот колекторски систем на Охридското Езеро
Почва:Несоодветното управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата.

Природно и културно наследство: Предметната локација се наоѓа во опфат на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Службен весник на РМ, број 75/10), Планот за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (Службен весник на РСМ, број 45/20), како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Организација.
Пејсаж:Просторот има особени пејсажни вредности, претставува рамен терен кој го допира брегот на Охридското Езеро.
Транспорт:Зголемена фреквенција на возила по регионалниот пат
Енергија:Зголемена потрошувачка на енергетски ресурси
Отпад:Генерирање на отпад
Во стратегиското планирање акцентот на развојот на локацијата треба да се стави на контролирани емисии во медиумите, одржливо искористување на ресурсите и отпадот и примена на мерки за енергетска ефикасност. Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:
-Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата
-Придонес во локалната и националната економија

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)?**
Главни проблеми релевантни за планскиот документ се:
-Зголемена фреквенција на луѓе и сообраќај
Планскиот опфат е формиран на терен со одреден пад, кој се спушта од Галичица кон регионалниот пат Охрид – Св. Наум, непосредно до источниот брег на Охридското Езеро. Потребно е да се предвидат заштитни мерки кои се неопходни за да се превенира деградација на просторот со спроведувањето на планот.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**
.
Урбанистичката документација е поврзана со:

| |
|---|
| -Просторниот план на РМ<br>-Просторен план на НП Галичица<br>-Просторен план на Охридско-Преспански регион(2010)<br>-Национален акционен план за животна средина<br>-Стратешки план за локален економски локален развој на Општина Охрид 2002-2012<br>-Национален план за управување со отпад<br>-План за управување со отпад на Општина Охрид<br>-Втор Национален Еколошки Акционен План<br>-ЛЕАП на Општина Охрид 2012<br>-Национална стратегија за одржлив развој 2009<br>- План за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (Службен весник на РСМ, број 45/20)<br>Целите на сите наведени плански документи се усогласени со планот и нема разлика во клучните одлуки |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br><br>При изработка на планскиот опфат се почитувани намената и одредбите за спроведување на важечките планови од повисоко ниво, ГУП за дел од крајбрежниот простор Туристички локалитет Горица –Свети Стефан-Метропол Општина Охрид 2000-2010г како и Планот за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (Службен весник на РСМ, број 45/20) |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br><br>Во рамки на планскиот опфат е предвидена реализација на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Изготвениот извештај за СЕА ќе даде понатамошни насоки за донесување на одлуките во подоцнежната фаза. |

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | ГРАДОНАЧАЛНИК<br>Д-р.Константин Георгиески |
| Датум 18.08. 2021г.<br>Место Охрид | М.П. |